**Република Северна Македонија**
**Основен суд Неготино**
Су-04 број 125/21
24/12/2021 година
Неготино

Претседателот на Основен суд Неготино Билјана Толова, врз основа на член 43 став 1 од Законот за судска служба („Сл.весник" бр.43/14...248/18), по спроведената постапка по Интерниот оглас број 1/21 за кариерно унапредување на судски службеници од категорија помошно-стручни судски службеници, за работно место Самостоен судски референт, ниво „Г1" - водител на писарница, 2 (два) извршители, по доставениот Предлог на прворангирани кандидати од страна на Комисијата за селекција за унапредување на судски службеници на записник Су-04 број 125/21 од 23.12.2021 година, на ден 24.12.2021 година, ја донесе следната

# О Д Л У К А

За работно место Самостоен судски референт, ниво „Г1" - водител на писарница, по основ на кариерно унапредување, **СЕ ИЗБИРААТ** кандидатите:

**1. Цветанка Ќосева**

**2. Оливера Мишева**

По конечноста на ова одлука, за избраните кандидати да се донесе решение за унапредување на судски службеник.

## О б р а з л о ж е н и е

Основниот суд Неготино на ден 14.12.2021 година на веб страната на судот објави Интерен оглас бр.1/21 за кариерно унапредување на судски службеници и тоа од категорија помошно-стручни судски службеници, за работно место Самостоен судски референт, ниво „Г1" - водител на писарница, 2 (два) извршители.

По спроведената постапка за унапредување согласно одредбите од член 40 до член 42 од Законот за судска служба и одредбите од член 4 и 5 од Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас, Комисијата за селекција за унапредување на судски службеници на записник Су-04 бр.125/21 од 23.12.2021 година предложи двајца прворангирани кандидати и тоа: Цветанка Ќосева и Оливера Мишева, да бидат избрани за унапредување на работното место Самостоен судски референт ниво „Г1" - водител на писарница.

Претседателот на судот изврши увид во записникот за административна селекција на кандидатите со прилог список на неуредни кандидати и список на уредни кандидати и ранг-листа на кандидати кои ја поминале административната селекција и записник за интервју на кандидатите со прилог список на кандидати со кои е спроведено интервјуто и конечна ранг-листа на кандидати, па ја утврди следната фактичка состојба:

На Интерниот оглас бр.1/21 за кариерно унапредување на судски службеници на работно место Самостоен судски референт ниво „Г1" - водител на писарница во Основен суд Неготино, се пријавиле вкупно четири кандидати и тоа судските службеници во Основен суд Неготино на работно место Виш судски референт Гордана Јованова, Цветанка Ќосева, Оливера Мишева и Зоран Стаменковиќ.

Комисијата за селекција за унапредување при административната селекција, по проверка на податоците во пријавите, доказите во пријавата и персоналните досиеа на пријавените кандидати, констатирала дека пријавата на кандидатот Зоран Стаменковиќ е неуредна, од причина што истиот има изречено дисциплинска мерка во последната година пред објавување на интерниот оглас. Со оглед дека еден од посебните услови согласно член 39 став 5 алинеа 4 од Законот за судска служба е да на кандидатот на интерниот оглас да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас, оценето е дека кандидатот не ги исполнува сите услови по интерниот оглас.

Поради наведеното, а согласно член 42 став 3 од Законот за судска служба, за кандидатот Зоран Стаменковиќ, постапката за селекција завршила.

Комисијата за селекција за унапредување по административната селекција изготвила ранг-листа на кандидати кои ја поминале административната селекција и пристапила кон спроведување на интервју со кандидатите за унапредување. По спроведеното интервју со кандидатите Гордана Јованова, Цветанка Ќосева и Оливера Мишева, изготвена е конечна ранг-листа на кандидати и тоа: Цветанка Ќосева вкупно 30 бодови, Оливера Мишева со вкупно 29 бодови и Гордана Јованова со вкупно 28,6 бодови. Врз основа на ранг-листата на кандидатите, предложени се двајцата кандидати со најмногу бодови и тоа: Цветанка Ќосева и Оливера Мишева, како прворангирани со предлог да бидат избрани за унапредување на работното место Самостоен судски референт ниво „Г1" - водител на писарница.

Имајќи во предвид се погоренаведено, Претседателот на судот, врз основа на член 43 став 1 од Законот за судска служба, во рок од 3 дена од добивањето на предлогот, донесе одлука за избор како во диспозитивот.

Одлучено во Основен суд Неготино на ден 24/12/2021 година.

**Претседател на**

**Основен суд Неготино**

Билјана Голова

**ПРАВНА ПОУКА:**
Против оваа одлука дозволена е жалба во рок од 8 дена од денот на приемот на одлуката до Советот на судска служба преку овој суд.

**Доставено до:**
-сите кандидати за унапредување
-архива